Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.Весник на РМ“ бр. 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), а во врска со член 17 од Изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр. 171/24), и член 50, точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), член 113, став 20 од Статутот на Општина Кавадарци, и донесената **Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови за 2020 година - Март, точка 51**, Градоначалникот на Општина Кавадарци го дава следното:


Арх.Бр.11 – 1930/6
Дата 28 -04- 2025
година Кавадарци

Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито 66
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија

Тел. 043/ 416-130
Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk


## СООПШТЕНИЕ

**За организирање на Повторна Јавна Презентација и Повторна Јавна Анкета за Детален урбанистички план за УЕ 10, дел од Блок 10.2, „Мито Хаџи Василев Јасмин" КО Кавадарци Град, Општина Кавадарци.**

**Детален урбанистички план за УЕ 10, дел од Блок 10.2, „Мито Хаџи Василев Јасмин" КО Кавадарци Град, Општина Кавадарци** се наоѓа непосредно до централното градско подрачје од градот Кавадарци и го дефинираат следниве граници:

Граници на планскиот опфат се :

- **на Север** границата се движи по границата на Сервисната улица СР9 „Мито Хаџи Василев Јасмин“
- **на Исток** границата се движи по осовината на Новопланираната Пристапна улица бр.6 потоа се движи по Станбена улица 2а, и по осовината на Сервисната улица СР4 „Тиквешко Востание“.
- **на Југ** границата се движи по осовината на Сервисна улица СР6 „Ресавска“
- **на Запад** границата се движи по осовината на сервисна улица СР7 „Пионерска“

**Вкупната површина на планскиот опфат**, изнесува 9,06 ха до осовини на сообраќајници.

**Повторна Јавна Презентација и Повторна Јавна Анкета** ќе се спроведе со излагање на **Детален урбанистички план за УЕ 10, дел од Блок 10.2, „Мито Хаџи Василев Јасмин" КО Кавадарци град, Општина Кавадарци,** во просториите на Општина Кавадарци.

Повторната Јавна анкета ќе трае од **05.05.2025 до 26.05.2025 година, секој работен ден од 8:00 до 16:00 часот.**

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица

[redacted]

можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Повторната Јавна Презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден **05.05.2025 година (понеделник) во 13:00 часот** во просториите на Општина Кавадарци во Голема сала.

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ГРАДОНАЧАЛНИК
д-р Митко Јанчев

Арх.Бр.11 – 1930/6

Дата:____________

година Кавадарци

Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито 66
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија

Тел. 043/ 416-130
Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk